РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 20-494/2
03.03.2017 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на приватна високообразовна установа Универзитет за аудиовизуелни уметности, европска филмска, театарска и танцова академија - ЕФТА Скопје**

1. Се акредитрира приватна високооообразовна установа Универзитет за аудиовизуелни уметности, европска филмска, театарска и танцова академија ЕФТА Скопје со седиште на ул. „Никола Русински" бр.1, 1000 Скопје.

2. Основач на Универзитет за аудиовизуелни уметности, европска филмска, театарска и танцова академија ЕФТА Скопје, домашно физичко лице Јордан Плевнеш Бул. Јане Сандански, бр.36/28-4, 1000 Скопје.

3. Акредитацијата од член 1 на ова Решение се дава на приватна високообразовна установа Универзитет за аудиовизуелни уметности, европска филмска, театарска и танцова академија ЕФТА Скопје, во чиј состав се следниве единици: Факултет за театарски уметности, Факултет за филмски уметности, Факултет за применета музика, Институт за аудиовизуелни уметности, Институт за сценски уметности.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Основачот на приватната високообразовна установа Универзитет за аудиовизуелни уметности, европска филмска, театарска и танцова академија ЕФТА

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје на 23.12.2016 година го поднесе елаборатот до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 15 седница одржана на 23.12.2016 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот проект и на 1 седница одржана на 24.02.2017 година, врз основа Законот за високо образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009, бр.115/2010, бр.17/2011, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14,), Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (,,Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010), Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација (,,Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010), Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр.151/2012), Правилникот за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (,,Службен весник на Република Македонија" бр.25/11) Одборот за акредитација и евалуација одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков